# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 9.2.2018 год.<br>Скопје<br>Број 2 год. XII | Претплатата за 2017 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


февруари, 2018 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 1 - 2

- Заклучок по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година, со Решение за објавување ................................................................ 3 - 4

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/61 од 15.12.2017 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................................................................ 5 - 6

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје, Решение за објавување ................................................................ 7 - 8

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје.

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на осмата седница, одржана на 9.2.2018 година.

Бр.09-679/3
9.2.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Во согласност со член 46 точка 1 алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на 8 седница, одржана на 9.2.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на член на Советот**
**на Општина Центар-Скопје**

1. Се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Центар-Скопје МАРИЈА БОШКОВСКА ЈАНКОВСКИ поради поднесување оставка, со денот на исполнувањето на условот предвиден со Законот за локалната самоуправа.

2. Ова Решение да се достави до именуваната.

3. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-679/2
9.2.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година**

Се објавува Заклучокот по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на осмата седница, одржана на 9.2.2018 година.

Бр.09-679/3
9.2.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 8 седница, одржана на 9.2.2018 година, расправаше по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за 2017 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Градоначалникот и до Полициската станица од општа надлежност „Центар".

3. Заклучокот влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-679/4
9.2.2018 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/61 од 15.12.2017 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/61 од 15.12.2017 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на осмата седница, одржана на 9.2.2018 година.

Бр.09-679/7
9.2.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13 и 41/14) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 8 седница, одржана на 9.2.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/61 од 15.12.2017 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/61 од 15.12.2017 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-679/6
9.2.2018 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на осмата седница, одржана на 9.2.2018 година.

Бр.09-679/9
9.2.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 8 седница, одржана на 9.2.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-679/8
9.2.2018 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.